"БЕНД Ревизија и Консалтинг" ДОО
тел. 044 330 800, 044 350 085
Ул. 153 бр. 1 1200 Тетово
Канцеларија: ул. Јане Сандански бр. 64/2 Тетово
bendcons@t-home.mk ; www.bend.com.mk

**Бр.07-78**
**26.03.2014**

# ❋ ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ❋

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Службен Весник бр.158/2010), БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово го објавува овој извештај за транспарентност за 2013 година. Извештајот ги содржи информациите во врска со:

## 1. Опис на правната структура и сопственост

| **Име (Назив) на субјектот кој известува** | **Опис** |
|---|---|
| Целосен назив на субјектот | Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО - Тетово |
| Правна Форма | Друштво со ограничена одговорност (ДОО) |
| Земја и место на основање, адреса на друштвото и адреса на која ја извршува дејноста | Република Македонија, Тетово ул.”153” бр. 1. Адреса на простор во кој се извршува дејноста: ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово |
| Дата на основање според тековна состојба | 21.05.2001 |
| Идентификационен број во јавниот регистар согласно со член 15 од 8 та директива на ЕУ (Регистарски број од лиценца за работа ) | 23 |
| Дата на издавање на лиценцата за работа | 03.12.2013 |
| **Број на вработени** | 3 |
| Број на вработени овластени ревизори на неопределено време | 2 |
| **Запишан капитал според тековна состојба-Вкупна основна главнина** | 361.100 денари |
| **Опис на сопственичките групи согласно со нивниот статус** | Овластени ревозори и други лица : Душко Апостоловски, - овластен ревизор Добрила Апостолова- овластен ревизор, Апостоловски Ненад (Овластените ревизори поседуваат 90% од Вкупната основна главнина на друштвото) |
| Опис на структуратана сопственоста во проценти по иматели на акции или удели | Назив / износ во денари / %<br>Душко Апостоловски, 307.800 85<br>Добрила Апостолова, 18.100 5<br>Апостоловски Ненад 36.200 10<br>Вкупно 361.100 100 |
| **Вид на одговорност** | Согласно ЗТД |
| **Опис на услугите кој ги дава субјектот** | Според НКД, 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување |
| **Орган на управување** | Душко Апостоловски - Управител |
| Други значајни податоци кои субјектот смета дека треба да бидат обелоденети: | Друштвото се занимаваше со дејност ревизија во периодот од 18.06.2001 до 04.06.2004 година, кога врз основа на изменетите прописи за ревизија овластениот ревизор Душко Апостоловски се вработи во друго Друштво за ревизија, а во периодот од 02.10.2007 до 11.11.2013 година Овластениот ревизор Душко Апостоловски дејноста ревизија ја извршуваше преку БЕНД Ревизија и Консалтинг ТП. Со создавање на услови |

| | |
|---|---|
| | за извршување на дејноста ревизија како ДОО, односно вработување на уште еден овластен ревизор од 11.11.2013 година ги отпочна активностите за стекнување на лиценца за вршење на ревизија согласно со Законот за Ревизија до Советот за унапредување и надзор на ревизијата.<br>Бројот на постојано вработени во БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО на 31.12.2013 година изнесува 3 лица, од кои двајца овластени ревизори. Во наредниот период и останатите вработени од ТП ќе бидат превземени во Друштвото, освен во делот на човечки ресурси кои односи ќе бидат регулирани со договор. |

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО делува локално на територијата на РМ, не припаѓа на ниедна професионална мрежа и работи со цел давање на услуги на клиентите кои делуваат на пазарот во РМ.

## 3. Опис на управувачката структура на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО има еден управител - Душко Апостоловски, овластен ревизор.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО и изјава од административното или управувачко тело за ефективноста на неговото функционирање

Политиките и постапките за контрола на квалитетот во БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО се спроведуваат врз основа на барањата на **МСР 220 - Контрола на квалитетот на ревизорската работа.**

Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО, така и на секоја поединечна ревизија. Целта на квалитетот на контролата на политиките кои се усвоени од БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО го вклучуваат следното:

- ***Професионални барања*** - персоналот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО треба да биде лојален на принципите и независноста, интегритетот, објективноста, доверливоста и професионалното однесување

- ***Вештина и компетентност*** - персоналот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО треба да ги одржува стручните стандарди и професионалната компетенција која се бара да им овозможи да ги исполнат обврските со должно внимание

- ***Пренесување на должност*** - ревизорската работа треба да се пренесува на персоналот кој има определен степен на стручна обука и умешност која се бара во дадени околности

- ***Делегирање*** - при давање насоки во работењето треба да постои одреден степен на сигурност дека со работата која се утврдува се излегува во пресрет на соодветните стандарди за квалитет

- ***Консултации*** - политиката на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО е дека секогаш кога е неопходно, консултацијата во рамките или вон фирмата треба да се врши со оние кои располагаат со соодветна стручност

- ***Прифаќање и задржување на клиенти*** - политиката на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО е да насочува дејствување кон оценката на очекуваните клиенти и проверка на постојните во текот на работењето. Во донесувањето на одлука да се прифати или задржи определен клиент, менаџментот треба да ја проучува независноста на фирмата и способноста правилно да го услужува клиентот и да води сметка за неговиот интегритет.

- ***Проверување*** - политиката на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО е да ја проверува перманентната адекватност на оперативната ефективност на квалитетот на контролата на политиките и постапките

***Изјава на управителот на Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот***

Управителот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово изјавува дека политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет на ДОО функционираат на ефективен начин.

Тетово, Март 2014

Управител
Душко Апостоловски

**5. Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија**

Во текот на 2013 година не е вршена проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија со оглед на тоа што Друштвото својата активност за равизија ја извршува од 03.12.2013 година.

**6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година**

Во текот на 2013 година **БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО нема вршено ревизија кај ниту едно друштво.**

**7.Изјава за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово изјавува дека спроведува интерни процедури за проверка за усогласеност на независноста.

Тетово, Март 2014

Управител
Душко Апостоловски

**8.Изјава за политиката што ја следи**

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластените ревизори и вработените преку нивно учество на тренинзи, семинари и усовршување, а со цел ефективно извршување на поставените задачи. Во 2013 година овластените ревизори посетуваа обука за континуирана професионална едукација во траење од најмалку 40 часа организирани од страна на ИОРРМ.

Тетово, Март 2014

Управител
Душко Апостоловски

**9.Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и по други основи:**

| | **Во денари** |
|---|---|
| *Приходи од консалтинг услуги* | 2.264.980 |
| *Останати приходи* | 1.994 |
| ***Вкупни приходи во 2013 година*** | **2.266.974** |

Приходите врз основа на консултантски услуги во 2013 година се однесуваат за трошоци на вработени кои се превземени од Бенд Ревизија и Консалтинг ТП во процесот на преод на дејноста ревизија од ТП во ДОО. За соодветниот период ТП поднесе и објави Извештај за транспарентност со состојба 11.11.2013 година при што е платен соодветниот надомест согласно со актите на ИОРРМ.

**10.Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

При ревизијата, хонорарот се утврдува според големината на субјектот или проектот, бројот на предвидени часови и потребен број на извршители во тимот.

Тетово, Март 2014

Управител
Душко Апостоловски